Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-370/3
Датум: 07-08-2026

Постапувајќи по претставка бр. 08-370/1 од 31.3.2026 година поднесена од ----- против портал ----- за заштита од дискриминација врз основа на етничка припадност во областа на јавно информирање и медиуми, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, врз основа на член 21, став 1 точка 14 и член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Р.С. Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020) го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основ на потекло, национална и етничка припадност кон граѓаните на РСМ со бугарска етничка припадност, во областа на јавно информирање и медиуми од страна на портал -----.

**НЕ СЕ УТВРДУВА ВОЗНЕМИРУВАЊЕ** врз основ на потекло, национална и етничка припадност кон граѓаните на РСМ со бугарска етничка припадност, во областа на јавно информирање и медиуми од страна на портал -----.

## Образложение

На 31.3.2026 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше поднесена претставка за заштита од дискриминација од страна на подносителот ----- против порталот ----- поради тоа што на 8.2.2026 година објавиле колумна од авторот ----- со наслов „За насилникот и жртвата" и следната содржина:

*„Неразбирливата глупост на една македонска политикантска елита да потпише онаков договор за пријателство и добрососедство со Бугарија, запечатен со уште поналудничав протокол, не ги затвора историските „рани" и не ја брише меморијата.*

*Во некоја поблиска или подалечна иднина, актуелното однесување на Бугарија кон Македонија можеби ќе биде појасно за историјата, но денес, барем за поширокатa јавност - не е. Не е бидејќи, од една страна, бугарската пропагандна машинерија вергла дека го поддржува македонскиот евроинтегративен пат, но од друга страна истото отворено го блокира впрегнувајќи ги сите политички и други сили до тоа да не дојде. Зашто, однесувањето на нивниот политички врв и актуелната администрација низ навредливите и крајно безобразни тиради блиску до улични пцовки упатени кон македонскиот народ, држава и нејзината историја говорат за сосема спротивни намери. Сето тоа, се разбира, внесува гласен сомнеж кај македонската јавност, а често и одбојност не само кон таа нивна анахрона реторика туку и кон нивните највисоки политички претставници. Тоа пак, комбинирано со се уште живите и отворени историски „рани" од минатите векови, создаваат атмосфера на недоверба и*

*неверување во можноста за искрен политички дијалог и релативно пристојни соседски односи. Неразбирливата глупост на една македонска политикантска елита да потпише онаков договор за пријателство и добрососедство со Бугарија, запечатен со уште поналудничав протокол, не ги затвора историските „рани" и не ја брише меморијата. Напротив - само ја оживува болката, го поткрева чудењето и гневот, самозадоволно амнестира... А беспризорното однесување на бугарските званичници кон се што е македонско и на коешто континуирано сведочиме, дополнително ги иритира ионака кревките чувства и трагични сеќавања кај македонскиот народ и сомнеж во поглед на „политиките" зад источната граница. Зашто, да не заборавиме: ние не говориме само за историска меморија од времето на Втората светска војна, што ќе рече некои осумдесетина години порано. Исти или сосема слични се архивите и од времето на Првата светска војна, на Балканските војни, на великобугарските пропаганди низ вековите, на силеџиското присвојување на се што било/е македонско... Говорам за историјата на односот злосторник-жртва, а тоа е комплициран однос, можеби најкомплексен во животот на еден човек а особено во постоењето на цел еден народ! Да, речиси однапред ги слушам научените наизуст „формули" на локалниве квазилибертаријански шушумиги за пријателството помеѓу, на пример, Франција и Германија како историски модел, или кои и да се други две европски држави кои континуирано војувале низ вековите. Ама сега демек се гушкаат и бацуваат. Но, прво, нема исти, па ни слични историски ситуации, второ, секој случај е различен односно специфичен, и трето, тоа може да го тврдат само оние кои не биле во тие земји и не разговарале на таа тема со луѓето! Поточно, една престава креира политиката односно нивните политички елити во рамки на „семејството", а сосема друга димензија живее „на теренот". Секогаш! И тоа е тоа за што овде говориме, најчесто меѓу редови (иако не знам зошто?!), говориме за континуитет на агресивниот, силеџискиот однос на насилникот кон жртвата, за негирање, дури прикривање на вината, за нецивилизирано повторување на злосторството како современо насилство. Или, ако сакате, ако оној крвав терор низ вековите беше вршен од злосторници и зад себе оставаше реални жртви, ова денес е трансформирано во форма спроведувана од насилници, со жртви што допрва ќе се видат! И што е најстрашно, целиот овој „процес" на наше – дали несвесно? – повторно отворање на болните историски страници со источниот сосед низ епохално идиотски меѓудржавни документи, како да ги повампири и некогашните насилнички апетити на другата страна, коишто барем извесен период (во времето на размеѓето на 20от и 21от век) како да – даи само навидум?! – беа заспани. А, всушност вампирите никогаш не спијат. Тие само чекаат погоден мит. И ние, како последни слепци, им го дадовме на подавалник! И тоа, колку и да е необјасниво, ја комплетира актуелнава драма. Од друга страна, некој, особено учесниците во неа од македонска страна, говореа – и ќе говорат! – дека тоа бил чин на добрососедство, на пријателство, на цивилизирано однесување...Сето тоа беше/е само уште еден „булшит" во драмата. Што е денес повеќе од очигледно. Но, нивната „перспектива", ако воопшто има некаква, беше онаа на неуки политиканти, историски лиферанти, пазарџиски калкуланти...дури и со сопствените народ и држава! Тие на коцка ставија се' што ниту еден нормален човек не би ставил. Затоа и вечно ќе бидат дел само од темната страна*

*на македонската историја. Сигурен сум дека имаа поддржувачи, не знам во колкав број, но ги имаа. Но и тие беа/се иста или слична сорта, иако целиот процес многумина се обидуваа да го претстават како неминовен, прогресивен, цивилизациски...Ама и тоа се покажа како уше еден „булшит“, со калкулации што допрва историјата ќе ги отвори. Меѓутоа, за да не се стекне впечаток дека се обидувам некому да му пресудувам или нивните постапки предвреме да ги тукам во амбисот на човечката глупост, ќе го спомнам Адорно и еден негов текст од не така далечната 1959 година, значи доволно години по завршувањето на грозоморната Втора светска војна во којашто наци-фашистичкиот ѓавол косеше низ Европа, а Бугарија беше една од неговите прислужнички. Елем, Адоро поаѓа од еден, како што вели „сомнителен шлагворт“, дека под минатото треба да се подвлече црта, дека треба „по можност да се избрише од сеќавањето“. Но тој вели дека таквиот став дека се' треба да се заборави и прости го „заговараат луѓето соучесници кои таа неправда ја сториле“. Како впрочем е и со „случајот Бугарија“! И понатаму, вели тој „луѓето сакаат да се ослободат од минатото: оправдано, бидејќи во неговата сенка воопшто не можат да живеат; неоправдано, бидејќи минатото од коешто сакаат да избегаат е уште многу живо“! Се разбира, нашиве „прогресивни“ шутраци и Адорно би го прогласиле за конзервативен ако не се вклопува во нивните планови. Но, тоа е сепак нивен проблем. Неговите размислувања остануваат валидни до денес, па и она дека нацизмот, фашизмот и сличните тоталитарни идеи и денес се живи иако, вели тој, „не знаеме дали само како духови на ова што било така монструзно...“. Но ние знаеме, живи се, ги чувствуваме секојдневно врз грбот! “*

Здружението – подносител на претставката смета дека со оваа содржина од објавата се врши вознемирување врз основа на потекло, национална и етничка припадност кон граѓаните на РСМ со бугарско национално самосознание, сакајќи да се претстави договорот за добрососедство со Бугарија како „глупост“. Според подносителот со тоа се врши груба навреда и дискриминација, бидејќи како што наведува, самиот текст не е поткрепен со факти, туку лично гледање на авторот што е спротивно на Законот за ратификација на Договорот за пријателство, добрососедство и соработка помеѓу Република Македонија и Република Бугарија.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 24, став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација достави Барање за произнесување по претставката -----. Писменото беше во два наврати испратено до посочениот портал по поштенски пат, но безуспешно.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација по разгледување на содржината на колумната, како и наводите од претставката констатира дека во конкретниот случај не може да стане збор за постоење на вознемирување или дискриминација врз основа на потекло, национална или етничка припадност.
Имено, **за да постои дискриминација** согласно Законот за спречување и заштита од дискриминација, потребно е да се утврди дека определено лице или група лица биле

ставени во понеповолна положба, ограничени во уживањето на права или директно таргетирани поради нивна заштитена карактеристика, како што е националната или етничката припадност. Во конкретниот случај, од содржината на колумната не произлегува повикување на ограничување на права, исклучување или нееднаков третман на граѓаните на Република Северна Македонија со бугарска етничка припадност. Напротив, содржината од колумната претставува политичка и историска критика насочена кон политиките на бугарската држава, политиките на РСМ, меѓудржавните односи и историските интерпретации. Во однос на **наводите за вознемирување**, согласно Законот, вознемирување постои кога определено несакано однесување има цел или последица повреда на достоинството на лице или група лица и создавање застрашувачка, непријателска, деградирачка или навредлива средина врз дискриминаторска основа. Во конкретниот случај не се утврдени елементи кои укажуваат дека колумната била насочена кон конкретни лица или група граѓани, со цел да се создаде понижувачка или непријателска средина кон нив како припадници на бугарската етничка заедница. Самата употреба на критички или остар политички говор, иако може да предизвика чувство на навреденост кај дел од јавноста, не е доволна сама по себе за да се утврди вознемирување во правна смисла. Дополнително, треба да се има предвид дека политичкиот говор и изразувањето ставови за прашања од јавен интерес уживаат висок степен на заштита согласно уставно гарантираната **слобода на изразување, како и членот 10 од ЕКЧП.** Практиката на Европскиот суд за човекови права поаѓа од тоа дека границите на дозволентата критика се пошироки во однос на прашања од јавен интерес. Оттука, во демократското општество е дозволена употреба на остра, експресивна, а дури и претерана политичка реторик, особено кога се однесува на актуелни прашања кои засегаат јавен интерес, но се' додека не ги надминува ограничувањата на заштитата предвидени со член 10, став 2 од Конвенцијата. Во таа смисла, судот конзистентно сметал дека се мали можностите за ограничување на политичкиот говор или за дебата за прашања од јавен интерес. Ова исто така се однесува на прашања што можат да предизвикаат контроверзии, а кои се однесуваат на важно општествено прашање или кои вклучуваат проблем за кој јавноста би сакала да се информира. Истото е апликабилно и на ставовите изнесени во пријавената колумна.

**Ограничување на ваквиот говор, односно на слободата на изразување** е оправдано само кога постои јасен повик кон дискриминација, омраза или насилство, што во конкретниот случај не е утврдено.

Поради наведеното, не се исполнети законските елементи за утврдување вознемирување и дискриминација врз основа на потекло, национална и етничка припадност, туку станува збор за јавно изразен политички став во рамки на слободата на говор и политичко мислење.

Оттука, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на ова Мислење.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Заменик претседател
Зекир Абдулов

Доставено до:
-----